**Задача 1.** Да се опише контрола на автомобилски мотор кој може да се вклучи само доколку опремата која ја поседува, соодветствува на временските услови .

Корисникот ги внесува следните податоци:

- годишно време;
- надворешна температура;
- дали автомобилот има зимски или летни гуми;
- дали има ланци за снег;

Програмата треба да ги испечати следните информации:

- Дали времето е
    - *ладно* (надворешната температура е од -25ºC до 5ºC)
    - *умерено* (од 5ºC до 25ºC)
    - *жешко* (од 25ºC до 40ºC)
    - *природна* непогода (температурата е повисока од 40ºC или пониска од -25ºC)

- Дали автомобилот има соодветна опрема:
    - зимски гуми и ланци во зима или летни гуми во лето.
    - во пролет и есен не е важен типот на гумите или дали има ланци.

- Дали моторот може да се вклучи доколку се исполнети 2 услови:
    - Автомобилот **мора** да има соодветна опрема,
    - и **не смее** да има природна непогода.

    - Меѓутоа вклучувањето може да се дозволи без ланци во зима доколку времето е жешко.

**Задача 2.** Да се напише програма во која корисникот внесува 5 броја, а на екран се печати

- нивната сума
- дали нивтата сума е парен број
- дали нивната сума е прост број